ООУ Ѓорѓија Пулевски

"

Бул. Јане Сандански бр.27А ,Скопје ,тел. 02/2444-415

# ПРОГРАМА

**за организирање и реализирање на**

**ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ**

**во учебната 2025/2026 за учениците од I-IX**

**Место : Водно (Скопје)**



## 1.Воспитно образовна цел на излетот

Есенскиот излет има за цел совладување и проширување на знаењата и примена на вештините на учениците како и зајакнување на учениковата индивидуалност и способноста за самостојно општење и комуникација со останатите ученици и наставници од општинското основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“. Преку излетот се исполнуваат и неколку битни задачи за учениците како што се запознавањето со непосредната околина, дружењето и рекреирањето, индивидуално и во група.

## 2.Задачи

- социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- запознавање со пошироката средина и убавините на околината на Водно;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита;
- развивање позитивен однос кон националните, религиски,културните и естетските вредности;
- грижа за себе;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции од ученик кон соучениците но и кон останатите повозрасни групи;
- зближување и негување релаксирани односи со своите наставници и останатите во услови надвор од училницата и ученичките клупи;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- негување на потребата за спортување и одржување на здраво тело и дух.

## 3.Содржини и активности:

Се предвидуваат следниве активности по овој флексибилен редослед за остварување на горе наведената цел:

- од 08:00 часот до 08:30 постојување на учениците по одделенија и нивно безбедно сместување по назначен распоред во автобусот за патување;
- 08:30 Организирано тргнување од пред училиштето „Ѓоргија Пулевски“ до Водно најдоцна до 09:15 часот;
- 09:15 пристигнување и внимателно сместување на отворен простор;
- од 09:30 до 10:30 индивидуални игри на ниво на одделение;
- од 10:30 до 12:00 групни игри и натпревари со топка меѓу одделенија на ниво на генерации; (истите може да имаат и награден карактер)
- од 12:00 часот до 13:00 часот индивидуален одмор на учениците кој самостојно ќе си го организираат со насоки за играње шах, домино, карти, тенис и слично;
- од 13:00 часот до 14:00 време за ручек на учениците и ручек за наставниците кои самостојно си го организираат.
- од 14:00 до 16:00 групни игри меѓу одделенија со топка и јаже за скокање;
- 16:00 часот организирано сместување во автобус по назначен редослед;
- До 16:30 тргнување и враќање до ООУ „Ѓорѓија Пулевски“.

## 4. Времетраењето на излетот

Сметајќи го и времето за патување ќе биде од 8:30 часот до 16:30 часот.

## 5. Излетот ќе го реализираат

Наставниците и учениците од прво до деветo одделение од ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, под раководство на директорот Александар Филипчев и тимот за екскурзии.

## 6.Технички обележја

Критериум за доделување на договорот за изведување на излетот е најниска цена. Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува и следниве минимум критериуми:

- ✓ да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- ✓ има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности, по последните три години;
- ✓ ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

## 7. Еднодневниот излет ќе го финансираат родителите на учениците.

## 8. Место и време на одржување

Предложено е излетот да се реализира на падините на планината Водно - Скопје, септември/октомври 2025 година.